# Недостатоците забележани во текот на кампањата го засенуваат генерално добро спроведниот изборен ден, рекоа меѓународните набљудувачи во Скопје

**СКОПЈЕ, 28 април 2014 –** Основните слободи беа испочитувани и кандидатите имаа можност да ја водат без попречувања кампањата за изборите одржани на 27 април во поранешната југословенска Република Македонија, но недостатоците забележани во првиот круг од претседателските избори пред две недели, вклучувајќи ги тука и отсуството на разграничување помеѓу државните и партиските активности како и пристрасното и неизбалансирано медиумско известување во полза на владејачката партија, или се повторија или беа уште понагласени, рекоа денес меѓународните набљудувачи.

“Вчерашните избори беа ефективно спроведени и изборниот ден помина непречено, но имаше реални проблеми пред, и за жал, после гласањето,” рече Кристин Мутонен, Специјален координатор на краткорочната набљудувачка мисија на ОБСЕ. “Владејачката партија не успеа соодветно да ги одвои партиските од државните активности, додека пак најголемата опозициска партија, за жал, соопшти дека нема да ги признае изборните резултати. Јас силно ги охрабрувам сите политички актери да работат заедно на создавање на позитивна пост-изборна средина.”

Набљудувачите забележуваат дека кредибилните наводи за заплашување на гласачи беа повторно присутни, вклучувајќи го и притисокот од страна на една партија врз етничките албански гласачи да ги бојкотираат претседателските избори.

“Изборниот процес не придонесе кон намалување на тензиите кои постојат помеѓу, но и внатре во самите етнички заедници,” рече Стефан Шенах, Шеф на делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПАСЕ). “Овие избори беа пропуштена шанса за политичките актери да демонстрираат искрена посветеност на интегрирањето на сите етнички заедници и малцинства. ПАСЕ, со поддршка на Венецијанската комисија, останува подготвено да пружи поддршка за подобрување на изборниот процес и понатамошна демократска консолидација во земјата.”

Мониторингот спроведен на медиумите за време на периодот на кампањата регистрираше пристрасност во корист на владејачката партија и нејзиниот претседателски кандидат кај повеќето од мониторираните медиуми, придружено со негативно известување за главната опозициска партија и нејзиниот претседателски кандидат. Отсуството на анализа и независно известување регистрирано во првиот круг на претседателските избори се повтори и за време на вториот круг и за парламентарните избори, се вели во изјавата.

“Медиумите врз кои беше спроведен мониторинг беа во голем дел пристрасни во корист на владејачката партија и актуелниот претседател и кандидат, додека пак за активностите на главната опозициска партија известуваа со негативен тон,” рече Изабел Сантош, Шеф на Делегацијата на Парламентарното собрание на ОБСЕ. “Сите учесници во процесот треба сериозно да ги разгледаат овие наоди и потоа да работат заедно на создавање услови за послободна и непристрасна медиумска средина.”
Кампањите за парламентарните, како и за вториот круг на претседателските избори, беа активни и сите партии имаа динамичен распоред на митинизи, се вели во изјавата. Значителната предност во ресурси и платеното политичко рекламирање значеше дека владејачката партија и нејзиниот претседателски кандидат доминираа во кампањата. Јасната поддршка која ја добија од Владата за време на кампањата не ја испочитува одвоеноста на партијата од државата. Како и за време на првиот круг на претседателските избоеи, и овојпат имаше постојана размена на обвинувања за корупција во етничките блокови.

Државната изборна комисија (ДИК) ги испочитува најголемиот дел од правните рокови и одржуваше редовни седници, од кои повеќето беа отворени за набљудувачите и медиумите, но се повтори поделеноста по партиски линии во однос на политички спротивставените прашања. Како и во првиот круг, ДИК не успеа ефективно да искомуницира со Општинските изборни комисии (ОИК), создавајќи на тој начин забуна во однос на процедурите. ОИК не ги исполнија своите должности на професионален начин, рекоа набљудувачите.

Во јануари 2014г. беа направени измени на Изборниот законик кои одговорија на некои од претходните препораки на ОБСЕ/ОДИХР. Сепак остануваат недоследности и недоречености, вклучувајќи ги тука правните дефниции за водење кампања и должината на кампањата, како и одредбите за употреба на јавните ресурси за време на кампањата.

“Опишано накратко, предизборниот период не успеа да исполни важни заложби на ОБСЕ, вклучувајќи ги и оние за одвоеноста на државата и партијата, за обезбедување на терен за рамноправен натпревар, за точноста на Избирачкиот список и за можноста за правен лек по пат на ефективна жалбена постапка,” рече Амбасадорот Герт-Хајнрих Аренс, Шеф на Набљудувачката мисија за изборите на Канцаларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР). “Сето ова, за жал, го засени изборниот ден кој ги исполни заложбите и беше мирен.”

Механизмот за разрешување на изборните спорови остана неефикасен. Постои отсуство на рокови во кои судовите треба да разрешат неколку видови на изборни спорови, а правото на гласачите на правен лек е ограничено на сите нивоа на изборниот процес, се вели во изјавата.

Денот на изборите беше спроведен на професионален начин, иако беа забележани одредени технички нерегуларности. Севкупната оценка за отворањето на гласачките места, текот на гласањето, броењето и табелирањето на гласови е позитивна.

*За повеќе информации контактирајте:*

Роберто Монтела, ПС на ОБСЕ, +389 (0)77 594 872 или +43 699 104 286 81, roberto@oscepa.dk

Томас Рајмер, ОБСЕ/ОДИХР, +389 (0)77 594 451 или +48 609 522 266, thomas.rymer@odihr.pl

ПАСЕ Оддел за комуникации, +33 388 413 193